Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 26-749/1
19-06-2026 год. viti

Врз основа на член 9 став (1) алинеа 7 и член 14 став (12) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) и Предлогот доставен од членот известител **проф. д-р Тони Филипоски б**р.26-701/2 од 15.06.2026 година, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 16.06.2026 година, донесе:

## ОДЛУКА

### за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Социологија за II (втора) година гимназиско образование

1. СЕ ОДОБРУВА употреба на учебник по наставниот предмет Социологија за II (втора) година гимназиско образование со шифра Д од Друштвото за издавачка дејност, производство, промет и услуги ЕДУКА МАК ДОО увоз – извоз, Скопје од авторите: Ило Трајковски и Надица Таневска Јанева.

2. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Одлука. Одлуката е извршна по нејзината конечност.

3. Конечната Одлука да се достави до Државниот просветен инспекторат.

**Образложение**

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), Педагошката служба на ден 15.12.2025 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Конкурс за учебници во гимназиско образование бр.26-1349/1 од 15.12.2025 година.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба во рок од три дена од завршување на Конкурсот со Решение бр.26-320/4 од 12.03.2026 година формираше Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) во предвидениот рок од 3 дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација со допис број 32-43/1 од 13.03.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-320/10 од 13.03.2026 година и допис бр.32-44/1 од 13.03.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-320/9 од 13.03.2026 година шифрираните ракописи со шифра В, шифра Г и шифра Д, преку Педагошката служба ги достави до Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија за ракопис за учебник формирана од Националната комисија за учебници.

Педагошката служба со допис бр.26-320/11 од 13.03.2026 година шифрираните ракописи ги достави до Бирото за развој на образованието за Стручно мислење.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-738/3 од 24.03.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр. 26-320/12 од 24.03.2026 година, до Педагошката служба достави Стручно мислење за ракописите за учебник со шифра В, шифра Г и шифра Д по наставниот предмет **Социологија за II (втора) гимназиско образование**.

Во мислењето е наведено дека за ракописите за учебник со шифра В, шифра Г и шифра Д ги содржат сите теми предвидени со наставната програма и истите придонесуваат за постигнување на резултатите од учењето и стандардите за оценување предвидени со наставната програма и ги исполнуваат критериумите од Методологијата за вреднување на учебници за што Бирото за развој на образованието дава позитивно мислење и постапката продолжува.

Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 02.04.2026 година со Решение заведено под архивски број 26-466/1 од 17.04.2026 година, формираше Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник по наставниот предмет **Социологија за II (втора) гимназиско образование.**

На ден 03.06.2026 година два члена од рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник доставиле Стручно мислење бр.26-466/16 во кое е наведено дека ракописите за учебник со шифра В и шифра Г не ги задоволуваат барањата согласно Методологијата за вреднување на учебници додека ракописот за учебник со шифра Д сосема ги задоволува барањата согласно Методологијата за вреднување на учебници.

На ден 03.06.2026 еден член од рецензенската комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник достави Стручно мислење бр.26-466/9 во кое е наведено дека за ракописот за учебник со шифра В потребно е дополнително појаснување на содржините поради отсуство на истото во одредени содржини кои се на ниво на дефиниција без пошироко елаборирање и за да се разберат неопходно е посредување од наставникот кој би ги дополнил празнините. За ракописот за учебник со шифра Г во мислењето е наведено дека истиот има разбирлив јазик, дека е добро изведен со вежби, активности и содржини кои поттикнуваат самостојно учење и љубопитност за дополнителни сознанија. Додека за ракописот за учебник со шифра Д членот на комисијата во мислењето истакнува дека презентирани се содржини кои се поткрепени со научно засновани и релевантни сознанија, пошироко елаборирани и прегледни кои овозможуваат ученикот самостојно да учи и сам да ги совлада поради што овој член на рецензентската комисија има доставено и издвоено мислење бр.26-466/8 од 03.06.2026 година во кое подетално има образложено зошто смета дека ракописот за учебник со шифра Д е најсоодветен и го предлага да биде дел од наставната за гимназиско образование за втора година.

Националната комисија за учебници согласно член 9 став (1) алинеа 4 и член 14 став (9) и (10) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) на седницата одржана на 27.04.2026 година донесе Решение заведено под архивски број 26-701/1 од 05.06.2026 година за определување на член известител. Членот известител со допис заведен под архивски број 26-701/2 од 15.06.2026 година на Националната комисија за учебници врз основа на мислењата од БРО и Рецензентската комисија и предложи ракописот за учебник со шифра Д по наставниот предмет **Социологија за II (втора) гимназиско образование**, да го одобри за печатење и употреба.

Педагошката служба со допис бр.26-742/1 од 18.06..2026 година се обрати до Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација за доставување на Записникот од шифрирање и проверка по објавениот Конкурс 26-1349/1 од 15.12.2025 со напомена истиот да биде јавно достапен односно да е транспарентен во делот на поднесените ракописи за кои ќе се врши јавно отворање.

Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација со допис бр.32-87/2 од 18.06.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-742/2 од 18.06.2026 година до Педагошката служба го доставила Записникот бр.32-35/1 од 13.03.2026 година.

По добивање на Записникот бр.32-35/1 од 13.03.2026 година Педагошката служба на веб страницата на Министерството за образование и наука објавила Известување со бр.26-742/3 од 18.06.2026 година со прилог на Записникот во кое е наведено дека за наставниот предмет **Социологија за II (втора) гимназиско образование** од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование донесе одлука да биде одобрен ракописот за учебник со шифра Д.

По јавното и транспарентно објавување на Записникот бр.32-35/1 од 13.03.2026 година на интернет страницата е констатирано дека:

- За ракописот за учебник **под шифра В** се јавува Акционерското друштво за издавање учебници и наставни средства Просветно дело Скопје со авторот: Даниела Коцева.
- За ракописот за учебник **со шифра Г** се јавува Друштвото за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје со авторот: Илија Ацески.
- За ракописот за учебник **со шифра Д** се јавува Друштвото за издавачка дејност, производство, промет и услуги ЕДУКА МАК ДОО увоз - извоз Скопје со авторите: Ило Трајковски и Надица Таневска Јанева.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 16.06.2026 година едногласно го прифати предлогот на известителот и одлучи како во изреката на оваа Одлука.

<u>**Правна поука:**</u> Против оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА,
Проф. д-р Ташко Ризов

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
DN: c=MK, serialNumber=275355, sn=Rizov, givenName=Tashko, cn=Tashko Rizov
Date: 2026.06.19 12:05:18 +02'00'

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА ЗА УЧЕБНИЦИ - KOMISIONI NACIONAL PËR TEKSTE SHKOLLORE
Скопје - Shkup

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Издавачи